**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (*)**

Се прогласува Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија (*), што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јануари 2020 година.

Бр. 08-437/1
16 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# ЗАКОН ЗА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (*)

**Предмет**

Член 1

Со овој закон се уредуваат критериумите, условите и постапката за пријавување, утврдување на статус, избор, подготовка и реализација на инвестициони проекти од највисок стратешки приоритет за државата (во натамошниот текст: стратешки инвестициони проекти).

**Цели**

Член 2

Овој закон има цел да поттикнува, привлекува и создава услови за спроведување на стратешките инвестиции во Република Северна Македонија, зголемување на економски пораст, вработување и примена на нови технологии и иновации, зголемување на конкурентските економски можности на Република Северна Македонија, зголемување на извозот и намалување на трговскиот дефицит и подобрување на добросостојбата и условите за живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

---

* Овој закон се усогласува со Регулативата (ЕУ) бр. 347/2013, на Европскиот парламент CELEX број 320013R0347 и Советот од 17 април 2013 година која се однесува за трансевропската енергетска инфраструктура и за укинување на Одлука бр. 1364/2006/ЕЗ како и измената на Регулативата (ЕУ) бр. 713/2009, Регулативата (ЕУ) бр. 714/2009 и Регулативата (ЕУ) бр. 715/2009.[1]

**Принципи**

Член 3

Овој закон се заснова на принципите на слободно движење на стоки, услуги и капитал, на слободна конкурентност и еднаков третман, недискриминација и транспарентност.

**Стратешки инвестиционен проект**

Член 4

Стратешки инвестиционен проект е проект кој исполнува една или повеќе цели од членот 2 од овој закон, а со кој се врши реализација на инвестиција во висина од најмалку 100 милиони евра на територија на најмалку две или повеќе општини, најмалку 50 милиони евра во општините со седиште во град, општините во градот Скопје и градот Скопје и најмалку 30 милиони евра во општини со седиште во село.

По исклучок од ставот 1 на овој член, за стратешки инвестициони проекти се сметаат и проектите реализирани во рамките на договори меѓу држави, проекти кои се спроведени и финансирани во соработка со Европската Унија, Министерскиот Совет на енергетска заедница, (PECI – Project of Energy Community Interest; PMI – Project of Mutual Interest; PCI – Project of Common Interest) како и оние со меѓународни финансиски институции, каде носител на инвестицијата е орган на државна управа, јавни претпријатија основани од државата или општините, како и трговски друштва кои се во целосна или во сопственост на државата и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и други правни лица чиј основач е Република Северна Македонија или општините.

**Услови за добивање на статус на стратешки инвестиционен проект**

Член 5

Реализацијата на стратешките инвестициони проекти е јавен интерес.

Стратешкиот инвестиционен проект кумулативно треба да ги задоволува следните услови:

- предложените инвестиции мора да бидат усогласени со стандардите за животна средина утврдени во законите на Република Северна Македонија,
- предложените инвестиции не смеат да бидат спротивни на Уставот на Република Северна Македонија, законите и обврските коишто произлегуваат од меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот,
- јавните стратешки проекти мора да бидат во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

Статусот на стратешки инвестиционен проект може да се утврди според условите и постапките утврдени со овој закон за проекти во следниве области:

1. Енергетика со инфраструктура;
2. Транспорт и телекомуникации;
3. Туризам;
4. Преработувачка индустрија;
5. Земјоделство, шумарство и водостопанство;
6. Прехранбена индустрија;
7. Здравство;
8. Индустриски и технолошки паркови;
9. Управување со отпадни води и отпад;

10. Информатичко-технолошки зони;

11. Спорт;

12. Наука и образование;

13. Градење на големи мултифункционални градежни комплекси на градежни објекти кои имаат во својот состав повеќе од една област од областите наведени во овој член.

По исклучок од ставот 3 на овој член, статус на стратешки инвестиционен проект имаат и проектите во областите кои не се опфатени во ставот 3 на овој член, а инвестицијата надминува износ од 150 милиони евра во денарска противвредност.

**Прописи**

Член 6

Прописите од областите на државна помош, управување со јавните финансии и јавен долг се применуваат за реализација на стратешките инвестициони проекти утврдени согласно со овој закон.

Издавање на државни гаранции спротивно на прописите за јавни финансии и јавен долг се забранети.

Прогласувањето на проектот за стратешки не претставува обврска за Република Северна Македонија или единиците на локалната самоуправа за обезбедување на јавни финансиски средства, заем или државна гаранција за негова реализација.

**Поими**

Член 7

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Државен орган е орган на државната управа и правни лица основани од државата;

2. Стратешки инвеститор е домашно правно лице или подружница на странско правно лице, регистрирани за вршење на дејност на територија на Република Северна Македонија согласно со закон;

3. Стратешки инвестиционен проект е приватен, јавно-приватен стратешки инвестиционен проект или целосно јавен проект кој ги исполнува критериумите утврдени со овој закон;

4. Приватен стратешки инвестиционен проект е проект кој се финансира со инвестирање од страна на домашни или странски правни лица;

5. Јавно-приватен стратешки инвестиционен проект е проект реализиран по модел на јавно-приватно партнерство во согласност со прописите за јавно-приватно партнерство;

6. Јавен стратешки инвестиционен проект е проект чијшто носител е орган на државна управа, јавни претпријатија основани од државата или општините, како и трговски друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и други правни лица чиј основач е Република Северна Македонија или општините;

7. Голем мултифункционален градежен комплекс се градежни објекти на една или повеќе градежни парцели, поединечни или поврзани.

**Постапка за утврдување статус за стратешки инвестиционен проект**

Член 8

Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) најдоцна до 31 јануари за тековната година објавува јавен повик за поднесување барање за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект кој се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку три реномирани меѓународни економски списанија.

Проектите од членот 4 став 2 од овој закон се стекнуваат со статус за стратешки инвестиционен проект по автоматизам, по предлог на Комисијата од членот 9 од овој закон.

**Комисија за стратешки инвестициони проекти**

Член 9

Владата формира Комисија за стратешки инвестициони проекти (во натамошниот текст: Комисија).

Постојани членови на Комисијата се:

- претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- министер за финансии,
- министер за животна средина и просторно планирање,
- министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- министер за економија,
- министер за транспорт и врски,
- генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и
- министер без ресор задолжен за странски инвестиции.

Повремени членови на Комисијата се:

- министер/и од областа во којашто се спроведува стратешкиот инвестиционен проект,
- градоначалник/ци на општина во која се спроведува стратешкиот инвестиционен проект,
- претставник од надлежно регулаторно тело.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на постојани и повремени членови.

Член 10

Владата на Република Северна Македонија од редот на членовите на Комисијата определува координатор одговорен за стратешкиот инвестиционен проект кој има утврден статус согласно со овој закон.

**Делокруг на работа на Комисијата**

Член 11

Комисијата ги врши следниве работи:

1. Ги разгледува и оценува барањата за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект, врши проценка на неговиот стратешки потенцијал и оперативниот ризик;
2. Формира Оперативна група за секој поединечен проект за стратешки инвестиционен проект чии членови се избираат од редот на вработените административни службеници од институциите членови на Комисијата како и експерти од областа на соодветниот стратешки инвестиционен проект;
3. Го следи спроведувањето на стратешките инвестициони проекти;
4. Преговара со стратешкиот инвеститор во однос на условите за добивање статус на стратешки инвестиционен проект;
5. Препорачува на Владата донесување на одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект;

6. Дава мислење за предлог законот со кој се уредува реализацијата на стратешките инвестициони проекти;

7. Усвојува План за подготовка и реализација на стратешки инвестициони проекти предложен од Оперативната група;

8. Го претставува стратешкиот инвестиционен проект во земјата и во странство;

9. Координира активности на државните органи за подготовка и планирање на неопходната документација за реализирање на стратешкиот инвестиционен проект заради запазување на негово спроведување во согласност со надлежностите на соодветните институции;

10. Го анализира портфолиото на субјектот што инвестира и според тоа има право да побара од инвеститорот информации во однос на неговата финансиска способност и можноста да генерира доволно средства за финансирање на инвестицијата, неговите финансиски извештаи, управувачката структура, сопственииштвото, позицијата на пазарот, претходно искуство поврзано со областа на инвестиции, слични проекти и други елементи неопходни за докажување на способноста за стратешки инвеститор според условите утврдени со овој закон;

11. Објавува на секои 6 (шест) месеци извештаи на веб-страницата на Владата за стратешките инвестициони проекти;

12. Дава мислење на актот со кој се уредува начинот на подготовка и реализација на стратешките инвестициони проекти.

Владата го уредува начинот на подготовка и реализација на стратешките инвестициони проекти.

**Начин на работа на Комисијата**

Член 12

Начинот на работа на Комисијата се утврдува со Деловник за работа на Комисијата.

Генералниот секретаријат на Владата ги врши сите оперативно-технички работи за подготовка и работа на Комисијата.

**Задачи на Оперативната група**

Член 13

Оперативната група дава стручна и професионална поддршка на Комисијата и ја поддржува во извршување на работите од нејзиниот делокруг предвидени со овој закон.

Оперативната група во рок од 15 работни дена по поднесување на барањето, изготвува План за подготовка и реализација на стратешки инвестициони проекти кој содржи преглед на сите потребни постапки за добивање на дозволи, лиценци, концесии, согласности и друга потребна документација неопходни за започнување и реализација за секој поединечен стратешки инвестиционен проект, како и временските рокови за издавање на истите.

Оперативната група ги координира сите активности поврзани со спроведување на стратешкиот инвестиционен проект и го следи стратешкиот инвестиционен проект до неговата конечна реализација.

Оперативната група е должна да ја следи реализацијата на стратешки инвестициски проекти поддржани од страна на Република Северна Македонија.

Оперативната група е надлежно тело за координација на целокупниот процес до издавањето на одобрение за градба, за проектите кои се стекнале со статус на стратешки инвестиционен проект врз основа на овој закон.

**Барање и потребна документација за добивање статус на стратешки инвестиционен проект**

Член 14

Формата и содржината на образецот на барањето за добивање на статус на стратешки инвестиционен проект го утврдува Владата.

Кон барањето од ставот 1 на овој член особено се приложува:

- инвестициски бизнис план или студија за изводливост за јавни стратешки проекти кои содржат и анализа на ризици, инвестициски финансиски план, работна програма за спроведување на стратешкиот инвестиционен проект за време на траењето на инвестицијата,
- согласност за задолжување во смисла на Законот за јавен долг за јавен стратешки инвестиционен проект,
- микро и макро локациски услови на инвестицијата,
- ревизорски извештај за субјектот што инвестира за одреден временски период и ревизорски извештај за компанијата која е сопственик на субјектот кој инвестира,
- детално портфолио на субјектот што инвестира, вклучително и неговите подружници,
- референтна листа од искуства на инвеститорот во слични проекти,
- опис на начинот и изворите на финансирање на проектот,
- доказ за финансиска способност за остварување на стратешкиот инвестиционен проект, кој задолжително содржи ревидиран годишен финансиски извештај за годината која и претходи на годината во која се поднесува барањето, односно годишни извештаи на пропишани обрасци за инвеститорите кои не подлежат на ревизија, деловни извештаи за тримесечјето кое претходи на предавањето на барањето, обрасци за бонитет не постари од 30 дена),
- согласност на стратешкиот инвеститор со која се овластува Комисијата да прави проверки и контроли на податоците претставени во портфолиото на стратешкиот инвеститор,
- годишни сметки (биланс на состојба, биланс на успех и извештај за готовински тек) за последните три финансиски години на стратешкиот инвеститор и на компанијата која е сопственик на стратешкиот инвеститор,
- банкарска гаранција за реализирање на стратешкиот инвестиционен проект во висина од 3% од вредноста на приватната инвестиција,
- потврда дека инвеститорот ги платил сите доспеани обврски, обврските за пензиско и здравствено осигурување и други јавни давачки, не постари од 30 дена,
- потврда дека не е отворена стечајна или ликвидациона постапка.

**Утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект**

Член 15

Комисијата во рок од 30 работни дена од денот на поднесување на целокупната документација за добивање статус на стратешки инвестиционен проект ги оценува поднесените документи и врши техничка, финансиска и правна процена на досието на проектот.

Доколку се утврди дека документацијата не е целосна, Комисијата ќе побара во писмена форма или по електронски пат од стратешкиот инвеститор да ги дополни сите неопходни документи и податоци. Барателот мора да ја комплетира документацијата во временски рок од десет дена од датумот на прием на известувањето.

Доколку стратешкиот инвеститор не постапи во рокот од ставот 2 на овој член, Комисијата ќе го извести во рок од пет дена од истекот на рокот за дополнување на документацијата, дека барањето нема да биде предмет на разгледување во постапката за добивање на статус на стратешки инвестиционен проект.

Доколку Комисијата оцени дека предлог проектот ги исполнува барањата од овој закон дава препорака до Владата во рок од седум работни дена од доставување на препораката да донесе одлука за утврдување статус на стратешки инвестиционен проект.

По донесувањето на одлуката од ставот 4 на овој член Комисијата до надлежното министерство дава предлог-договорот за стратешки инвестиционен проект како и предлог закон со кој се уредува реализацијата на стратешкиот инвестиционен проект, освен за проектите од членот 4 став 2 од овој закон, кои надлежното министерство во рок од седум работни дена од доставувањето од страна на Комисијата ги доставува до Владата и до Државното правобранителство на Република Северна Македонија, кое е должно во рок од седум работни дена од денот на доставеното барање да даде мислење по предлог-договорот и предлог законот од овој член.

Владата донесува одлука за утврдување статус на стратешки инвестиционен проект и дава согласност на предлог-договорот за стратешки инвестиционен проект и го утврдува текстот на предлог законот со кој се уредува реализацијата на стратешкиот инвестиционен проект по претходно добиено позитивно мислење од Државно правобранителство на Република Северна Македонија.

Владата ја донесува одлуката за утврдување статус на стратешки инвестиционен проект во рок од седум дена од денот на добивање на предлог од Комисијата.

Владата го склучува Договорот за стратешки инвестиционен проект во рок од три дена по влегувањето во сила на законот со кој се уредува реализацијата на стратешкиот инвестиционен проект, односно по влегувањето во сила на одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект од членот 4 став 2 од овој закон.

Договорот за реализација на јавен стратешки инвестиционен проект кој ќе се финансира со задолжување со заем со или без државна гаранција е ништовен доколку во моментот на задолжувањето не може да биде обновена согласноста за задолжување во смисла на Законот за јавен долг.

## Договор за Стратешки инвестиционен проект

Член 16

Договорот за стратешки инвестиционен проект ги содржи особено следниве елементи:

- назив и седиште на стратешкиот инвеститорот,
- назив на стратешкиот инвестиционен проект,
- утврдена вредност на капитал што ќе се инвестира,
- вид на стратешкиот инвестиционен проект,
- локацијата на која ќе се реализира стратешкиот инвестиционен проект,
- опис на недвижниот имот на кој ќе се реализира стратешкиот инвестиционен проект,
- рокови за реализација на преземените права и обврски,
- начин на постапување во случај на ненавремено издавање на документи согласно со закон,
- рокови и услови за активирање на банкарската гаранција,
- правна заштита на правата и обврските на договорните страни,
- одредби за решавање на спорови,
- одредби за престанување на договор,
- одредби за раскинување на договорот.

Договорот што не ги содржи елементите од ставот 1 на овој член е ништовен.

**Рокови за реализирање на стратешки инвестициони проекти**

Член 17

За реализација на стратешки инвестициони проекти, потребните одобренија, дозволи, согласности, лиценци, овластувања, потврди и други документи кои се издаваат согласно со посебните закони ќе се издаваат во рокови утврдени со закон со кој се уредува реализацијата на стратешкиот инвестиционен проект.

Рокот за добивање на одобрение за градба за Стратешките инвестициски проекти од членот 4 став 2 од овој закон не смее да биде подолг од 36 месеци од денот на стекнување на статус на стратешки инвестициски проект.

По исклучок на ставот 2 на овој член, доколку Комисијата оцени дека рокот нема да биде доволен за добивање на одобрение за градба, Комисијата може да го продолжи рокот за период не подолг од девет месеци на начин утврден во актот од членот 11 став 2 од овој закон.

**Транспарентност и учество на јавноста**

Член 18

Спроведувањето на овој закон како и постапка за стекнување на статус стратешки инвестиционен проект, од страна на сите страни, ќе се спроведува на фер, транспарентен и недискриминаторен начин, со активно учесто на стручната и пошироката јавност на начин утврден во актот од членот 11 став 2 од овој закон.

**Листа на проекти со доделен статус на стратешки инвестиционен проект**

Член 19

Листата на проекти на кои им е доделен статус на стратешки инвестиционен проект се објавува на веб-страницата на Владата.

**Преодна одредба**

Член 20

Владата во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ја формира Комисија за стратешки инвестициони проекти.

Член 21

Подзаконските акти чие донесување е утврдено со овој закон, ќе се донесат во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Одредбите на членот 4 став 2, членот 8 став 2, членот 15 ставови 5 и 8 во делот кој се однесува на стратешките инвестициони проекти од членот 4 став 2 од овој закон и членот 16 ставови 2 и 3 од овој закон ќе престанат да важат по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Влегување во сила**

Член 23

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.